D. 8. 9. 69

2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБ[...]
## НА СОЦИЈАЛИСТИ[...]

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 30 август 1969
Скопје
Број 31 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

**286.**

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за распишување заем за зголемување на запосленоста („Службен весник на СРМ“ бр. 26/69), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА ЗА РАСПИШУВАЊЕ ЗАЕМ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗАПОСЛЕНОСТА

I. За членови на Републичката комисија за распишување заем за зголемување на запосленоста, се именуваат:

а) За претседател

МОРИЦ РОМАНО, потпретседател на Извршниот совет,

б) За членови

1. УРОШ АНДРЕЕВСКИ, член на Извршниот одбор на Републичката конференција на ССРНМ,
2. МИШКО БОЖИНОВСКИ, генерален директор на Комерцијално-инвестиционата банка во Скопје,
3. ДРАГАН ЗАХАРИЕВСКИ, член на Извршниот совет,
4. ВИТЕ ИСЈАНОВСКИ, републички секретар за труд,
5. РИСТО КАДИФКОВ, директор на Републичкиот завод за запослување на работниците,
6. ШАМИ МОРИС, потпретседател на Стопанската комора на Македонија,
7. АНДОН МАКРАДУЛИ, републички секретар за финансии,
8. ВОЈО ТРАЈКОВСКИ, член на Секретаријатот на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија,
9. д-р НИКОЛА УЗУНОВ, член на Извршниот совет.

в) За секретар

БЛАГОЈА БУНДАЛЕВСКИ, работник во Републичкиот секретаријат за финансии.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 15-2179/1
9 јули 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев**, с. р.

## *Огласен дел*

# КОНКУРСИ

Управниот одбор на Клиниката за детски болести на Медицинскиот факултет — Скопје

распишува

### КОНКУРС

за пополнување на работно место:

1. ЕДЕН ЛЕКАР НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО ПЕДИЈАТРИЈА

Услови:
— завршен медицински факултет
— да има најмалку 3 години работно искуство
— да не е постар од 30 години
— да има положен стручен испит со оценка најмалку многу добар
— да има средна оценка од студии над 8 (осум)
— да има оценка над 8 од следниве предмети: анатомија, биологија, патофизиологија, педијатрија, епидемиологија и интерна
— да познава два странски јазика од следните: француски, англиски, германски, руски или италијански
— да работел во детски здравствени установи најмалку 2 (две) години (детска клиника, детски диспанзер или детско одделение во општа болница).

За сите поставени услови треба да се приложат соодветни документи. Молбите што не ќе бидат комплетирани со соодветните документи нема да се земаат во предвид.

Одреден е четirимесечен пробен стаж до полагање на првиот колоквиум и во колку не го положи му престанува специјализацијата.

Конкурсот останува отворен 15 дена од денот на објавувањето.

По извршениот избор кандидатот ќе биде известен, во рок од 30 дена по истекот на рокот за пополнување. (766)

---

МАТИЧНАТА КОМИСИЈА НА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД — СКОПЈЕ

распишува

### КОНКУРС

за пет соработници од областа на геолошките науки во Геолошкиот завод — Скопје, во следните звања:

1. НАУЧЕН СОВЕТНИК
2. ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК
3. НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите по член 40 од Законот за организирање на научните дејности („Сл. весник на СРМ“ број 9/67).

Рок за поднесување на пријави е до 15 септември 1969 година.

Со пријавата се поднесува куса биографија, список на објавени и необјавени трудови и по два примероци од секој труд.

Некомплетираните пријави нема да бидат земени во разгледување.

За поблиски информации кандидатите можат да се обратат до секретарот на Заводот на телефон 34-923.

Комисијата за прием и отпуштање на работници при Народната аптека „Здравје“ во Кратово, врз основа на чл. 63, 64 и 65 од Статутот на аптеката и Одлуката на Советот на аптеката бр. 230/69 година

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работно место:

книговодител

со работа помалку од една половина од полното работно време.

Услови:

1. Да има завршено вишо образование (виша економско-комерцијална школа) и над 3 години ефективно работно искуство во струката.

2. Да има завршено средно образование (економски техникум) и над 5 години ефективно работно искуство во струката.

Право на конкурирање имаат сите работници кои ги исполнуваат условите од точка 1 и 2 од конкурсот.

Кандидатите треба да ги приложат следните документи:

— молба;

— препис од диплома за завршено соодветно образование; и

— потврда за должината на работното искуство во струката.

Молбите со потребните документи се доставуваат до Комисијата на Народната аптека „Здравје“ — Кратово.

Работниот однос ќе се засновува врз основа на пробна работа.

Настап на работа веднаш.

Личен доход по Правилникот за расподелба на личните доходи на работниците на аптеката.

Конкурсот трае 15 дена сметано од денот на објавувањето.

Некомплетираните документи нема да се земаат за разгледување.

ОД КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА (819)

---

Советот за просвета при Собранието на општината — Берово, по предлог на советите на работните заедници при училиштата од територијата на општината

распишува

**ЗАЕДНИЧКИ ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС**

за пополнување на следниве упразнети работни места:

**I. Гимназија „Ацо Русковски“ — Берово**

— еден професор по математика со нацртна геометрија;

— еден професор по француски јазик со дополна на латински јазик на одредено време.

УСЛОВИ: Завршен соодветен факултет. Личен доход спрема Правилникот за распределба на личните доходи во Гимназијата.

**II. Основни училишта**

**1. Основно училиште „Ацо Русковски“ с. Двориште**

— директор на училиштето;

— наставник по македонски јазик.

**2. Основно училиште „Јане Сандански“ с. Робово**

— наставник по математика и физика.

**3. Основно училиште „Гоце Делчев“ с. Митрашинци**

— наставник за одделенска настава;

— наставник по математика и физика;

— наставник по историја и географија;

— наставник по биологија и хемија.

УСЛОВИ: За директори на училиштата завршена педагошка академија или филозофски факултет — група педагогија и да поседуваат организациони и морални квалитети.

За наставници — завршена педагошка академија, соодветна група.

Личниот доход според правилниците за распределба на личните доходи во училиштата.

Молбите со потребните документи се доставуваат до соодветните училишта.

Конкурсот е отворен до пополнувањето на работните места.

ОД СОВЕТОТ ЗА ПРОСВЕТА — БЕРОВО (816)

---

Конкурсната комисија при Водостопанската работна организација „Вардар“ — Скопје, Работна единица „Пепелишко Поле“ — Неготино

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. ПРАВЕН РЕФЕРЕНТ
2. ГРАДЕЖЕН ИЛИ ХИДРОИНЖЕНЕР
3. ШЕФ НА СМЕТКОВОДСТВО

УСЛОВИ:

Под 1. правен факултет со над 5 години работно искуство;

Под 2. градежен инженер или хидроинженер ВСП со над 5 години работно искуство;

Под 3. а) висока школа (економски факултет) со над 5 години работно искуство;

б) виша финансова школа со над 5 години работно искуство во струката;

в) средна (економска) школа со над 7 години работно искуство.

Личниот доход според Правилникот за расподелба на личниот доход во работната единица.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Молбите со потребните документи се поднесуваат до Кадровската служба на работната единица „Пепелишко Поле“ — Неготино.

ОД КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА (818)

---

Врз основа на чл. 3 од Правилникот за специјализација на здравствените работници од прва група („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 2/60), а по претходно одобрување, бр. 10-1656 од 17. VII. 1969 г., на Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика Скопје, Советот на Медицинскиот центар Т. Велес

распишува

**КОНКУРС**

за прием на лекари за специјализација по следните специјалности:

1. еден лекар за анестезиологија
2. еден лекар за медицина на трудот
3. еден фармацевт за медицинска биохемија

УСЛОВИ:

Кандидатите од точката 1, 2 и 3 да имаат најмалку три години работна практика како лекари од општа пракса, односно фармацевтска; положен стручен испит за звањето и да познаваат еден странски јазик (француски, англиски, руски, германски или италијански), како и да се работници во Медицинскиот центар Титов Велес.

Личниот доход се одредува согласно Правилникот за расподелба на личните доходи во Медицинскиот центар Т. Велес.

Молбите со потребната документација се поднесуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот во „Службен весник на СРМ“.

Некомплетираните молби нема да се земаат во обзир.

Од Медицинскиот центар Т. Велес (817)

Работната организација Рудници и индустрија за хром, антимон и арсен „Радуша“ — Ѓорче Петров (Комисија за работни односи при работната единица „Дирекција“) го огласува за упразнето работното место:

ПОВЕРЕНИК ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА И НАРОДНА ОДБРАНА

Услови: Висока или виша стручна спрема со над 5 години работно искуство, како и останатите услови предвидени во ОЗР.

Работното време е 3 часа дневно, личен доход по Правилникот за личниот доход. (320)

---

Советот при Централното основно училиште „Герас Цунев“ с. Просениково, општина Струмица

распишува

**КОНКУРС**

за прием на приправник за следното работно место:

наставник по математика и физика — — 1

Услови:

Педагошка академија соодветна група.

Со молбата да се доставаат комплет документи по ОЗРО.

Личен доход според правилникот за распределба на личните доходи.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (768)

---

Врз основа член 31 од Статутот на работната организација при Градската матична библиотека „Вук Караџиќ — Гостивар, конкурсната комисија за именување директор

распишува

**КОНКУРС**

за преименување директор на Градската матична библиотека „Вук Караџиќ“ — Гостивар

Услови:

Кандидатот да има завршено висока стручна спрема во културно просветна струка со 2 (две) години работно искуство во библиотекарство, виша стручна спрема со 3 (три) години работно искуство во библиотекарство или средна стручна спрема со 5 години искуство во библиотекарство.

Покрај горните услови, кандидатот да ги исполнува и другите услови предвидени во Законот за работни односи.

Молбите со комплетирани документи се доставуваат до Градската матична библиотека „Вук Караџиќ“ — Гостивар, за конкурсната комисија.

Личниот доход според правилникот на работната организација.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во печатот.

Од конкурсната комисија на Градска библиотека — Гостивар

Ректоратот на Универзитетот „Кирил и Методија“ во Скопје како инвеститор ќе одржи јавна

**ЛИЦИТАЦИЈА**

за изградба на два студентски станбени блока и ресторан на ден 18. IX. 1969 год. во 9 часот во просториите на ул. „Партизанска“ број 22.

Рок за завршување на објектите нуди изведувачот. Нужните податоци за составување на понудите се добиваат од инвеститорот.

Пресметковната вредност на објектите изнесува 20.340.000,00 дин. со опрема и надворешно уредување на локацијата.

Рокот на лицитацијата тече од 18-VIII-1969 год.

Увид во техничката документација на објектите, општите и посебните услови ќе може да се врши секој работен ден почнувајќи од 18. VIII. 1969 год. од 7—14 часот.

Право на учество во лицитацијата имаат сите градежни претпријатија со поголема годишна реализација од 20 мил. дин.

Ректорат на Универзитетот во Скопје

---

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При овој суд се води постапка по тужбата на тужителот Јашар Зенел од Скопје, ул. „143-бис“ бр. 198, против тужените Дедиќ Зека Рамо и Дедиќ Зека Омер, сега со непознато место на живеење за утврдување на сопственост на недвижен имот. Вредност на спорот 15.000 н. д.

Се повикуваат тужените Дедиќ Зека Рамо и Дедиќ Зека Омер да се јават во судот и во рок од 30 дена да ја соопштат и достават својата адреса. По истекот на овој рок судот ќе им одреди времени старатели во смисла на чл. 77 од ЗПП кои ќе ги застапуваат до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 982 од 17. VI. 1969 год. (54)

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје, тужителката Деловска Марија од село Доброште, Тетовско, поднесе тужба за развод на бракот против тужениот Николовски Ставро, од село Доброште, а сега со непознато место на живеење. Вредност неопределена.

Се повикува тужениот Николовски Ставро, во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, да ја соопшти на судот својата точна адреса или да се јави лично во судот. Во противен случај ќе му се одреди времен старател кој ќе го застапува во парницата.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 390/69. (59)

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

При Општинскиот суд Скопје I, се води постапка по предлог на Васил Василевски од Скопје за огласување загубено свидетелство за завршен втори клас гимназија во 1939 година во с. Руља, Леринско, кое е загубено во 1940 година за време на војната. Се повикува секое лице што го поседува или знае нешто за загубеното свидетелство да соопшти на судот во рок од 30 дена по објавувањето во „Службен весник на СРМ“. Во противен случај ќе се смета за неважно.

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 632/69. (57)

ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

При Општинскиот суд во Битола се води постапка за огласување за неважен чекот бр. 28884 на сума од н. д. 1.300, издаден од Комерцијално-инвестиционата банка — Битола на име Доминика Стојанова од Битола. Се поканува секој оној што го нашол чекот, или го поседува, или знае за истиот да му соопшти на судот во рок од 60 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“. Во спротивно ќе се огласи за неважен.

Од Општинскиот суд — Битола, Р. бр. 342/68. (55)

ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Зуица Алич по татко Пенева, ул. „29 ноември" бр. 78 од Радовиш, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Алич Мирсад од с. Сековац, Босански Брод, сега во неизвесност.

Како адресата и местожителството на тужениот не се познати, се повикува во срок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" се јави или да одреди свој застапник. Во противен случај судот по службена должност го одредува за застапник Славе Голубовски, приправник при Окружниот суд — Штип, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 116/69. (56)

ОПШТИНСКИ СУД ВО КРУШЕВО

При Општинскиот суд во Крушево се води оставинска постапка за расправање на оставината на пок. Димовски Андре Цветан, бивш земјоделец од село Ариљево. Како наследникот Димовски Никола, син на покојниот, се наоѓа во Република Франција со непозната адреса на живеење. Се повикува истиот да се јави на судот во рок од една година од објавувањето на огласот. Во противен случај оставината ќе се реши врз основа на дадената наследничка изјава од привремено поставениот старател.

Од Општински суд во Крушево, О. бр. 24/69. (58)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1104, страна 551, книга V е запишано следното: Дејноста на работната единица „Скопје" — Скопје на булевар „ЈНА" бр. 66 на ИПГ — Индустрија за проектирање на гуми и изработка на предмети од гуми — Пожаревац се проширува и со: проектирање — обновување на гуми и предмети од гуми; производство на полуфинални и финални производи; промет на мало и големо, финални и полуфинални производи, сопствено производство и производство на слични и сродни дејности; промет на мало и големо, стари авто и тракторски гуми и предмети од гуми; вршење сервисно-вулканизерски услуги во фабриката и работните единици и вршење на транспортни услуги, согласно со одлуката бр. 2867 од 10. XI. 1967 година на работничкиот совет, и решението Фи. бр. 548 од 21. XI. 1967 година за регистрација на Окружниот стопански суд во Пожаревац.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 205 од 18. VI. 1968 година. (1226)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 924, страна 781, книга V е запишано следното: Дејноста на „Транспорт" — претпријатие за утовар, растовар и превоз на стоки — Скопје, согласно со одлуката бр. 433 од 5. III. 1968 година на работничкиот совет и економската оправданост, се проширува и со: посредување во прометот на стоки од обоената металургија, црна металургија, алатопрема, машини и санитарија, електро-гранка хемикалии, граѓа — цемент и друг градежен материјал и земјоделски производи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 298 од 9. V. 1968 година. (1049)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1214, страна 1125, книга V е запишано под фирма: Специјализирана градежна занаетчиска задруга „Кровомонтер" — Земун — Претставништво во Скопје, ул. „29 ноември" бр. 54. Предмет на работењето на претставништвото е уговарање на градежни работи од висока и ниска градба, земјани работи, ѕидарски работи, армирано-бетонски и тесарски работи, монтажни работи на внатрешни градежни инсталации: водовод, канализација, електроинсталација и инсталација на парно греење, завршни работи во градежништвото; браварско-лимарски работи, молеро-фарбарски, тапетарски, керамичарски, печарски, каменорезачки, терацерски, фасадерски и изработка на подови од природни и вештачки материјали купопродажба на материјали и опрема, и обезбедување на средства (финансиски средства).

Претставништвото е основано од работничкиот совет на „Кровомонтер" — Специјализирана градежна занаетчиска задруга — Земун, со одлуката бр. 85/4 од 30. I. 1968 година.

Претставништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Стојменовски Лазар Димитар — директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 471 од 29. IV. 1968 година. (1007)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1196, страна 1041, книга V е запишана под фирма: „Агроекспорт" — експорт импорт — Београд — Погон кланица и хладњача „Белотинац" — Белотинци — Продавница за месо број 3 во Скопје, ул. „29 ноември" бр. 29. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови на месо, месни преработки и месни конзерви, на мало.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Агроекспорт" — експорт импорт — Белград — Погон кланица и ладњача „Белотинац" — Белотинци, со одлуката од одржаната седница на 9. XII. 1967 година.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Павловски Билбил, раководител, и тоа само во врска со работењето на продавницата во границите на овластувањето. Продавницата нема жиро-сметка.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 207 од 18. III. 1968 година. (929)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. II. 1968 година, страна 122, реден бр. 2 е запишано проширувањето на дејноста на Машинско-услужната задруга „Хром" од Струмица, уште и со: промет на сите видови земјоделско-индустриски и прехранбени производи; на огревно дрво.

а) дејноста за промет на земјоделско-индустриски и прехранбени производи, задругата ќе ги реализира на приватниот и општествениот сектор,

б) за прометот на огревното дрво задругата истиот ќе го набавува од општествениот и приватниот сектор, а ќе го реализира каде би се појавило потреба, односно на целата територија на СФРЈ.

Проширувањето на дејноста е запишано во регистарот, врз основа на одлуката бр. 01-7/1 од 28. XII. 1967 година, на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 35/68. (848)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 14. XII. 1967 година, страна 444, реден број 3 е запишано основањето на Продавница број 4, со седиште во с. Ново Село, Струмичко.

Продавницата ќе врши продажба на сите видови сопствена конфекција и како дополнение на асортиманот ќе продава и производи од други производители како разна трико-конфекција, галантерија, позамантерија, кожна галантерија и слично.

Продавницата е основана од Производната јорганџиска и шивачка задруга „Бела постела“ од Скопје.

Раководител на продавницата е Петар Милеусниќ, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа на одлуката бр. 354 од 2. IX. 1967 година, на работната заедница на задругата, и уверението бр. 07-5772/1 од 2. IX. 1967 година, на санитарниот инспектор на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 415/67. (833)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1097, страна 491, книга V е запишано следното: На досегашниот потписник Азир Јонуз Синани, в. д. директор на Претпријатието за промет на големо и мало и посредување на сите производи од земјоделството, сточарството и индустријата „Балкан-промет“ — Скопје, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За в. д. директор на Претпријатието за промет на големо и мало и посредување на сите производи од земјоделието, сточарството и индустријата „Балкан-промет“ — Скопје е назначен Јовчев Стефан Спасев, кој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник Поповски Вангел Ристо, комерцијален директор, сметано од 11. III. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 253 од 15. III. 1968 година. (708)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 469, страна 1306 е запишано следното: Досегашниот раководител на Стовариштето во Скопје, ул. „Маршал Тито“ бр. 27, на Здруженото претпријатие “Искра“ — Крањ — Продажно-сервисна организација — Љубљана, Владов Славко е разрешен од должност. За раководител на истото е назначен Трајковиќ Томислав, кој истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 2. X. 1967 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 975/67 од 10. I. 1968 година. (539)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 482, страна 1348, е запишана под фирма: Занаетчиско шивачко претпријатие „Солидарност“ — Скопје — Работна единица — женско одделение „8 март“ — Скопје. Предмет на работењето на работната единица е вршење шивачки услуги по порачка на сите видови женска облека, машки и женски долен веш, постелина, производство на разни работни облеки, работни мантили, детска облека, штопување на женски и машки чорапи, кроење и друго што е слично на шивачката дејност.

Единицата е основана од работничкиот совет на Шивачко занаетчиското претпријатие „Солидарност“ — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 6. III. 1967 година.

Работната единица ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Даринка Димитровска, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1278/67 од 17. I. 1968 година. (522)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. VIII. 1968 година, страна 193, реден број 3 е запишана промената на фирмата на Откупната станица за лековити растенија и земјоделски производи, овошје и зеленчук „Алкалоид-билка“ од Струмица, која ќе се вика: Откупна станица за откуп на лековити растенија и земјоделски производи „Алкалоид“ — Струмица.

Промената на фирмата на Откупната станица за лековити растенија и земјоделски производи, овошје и зеленчук „Алкалоид-билка“ од Струмица, на Индустријата за фармацевтско-хемиски производи и лековити растенија од Скопје, е запишана во регистарот врз основа на поднесената пријава бр. 03-3369 од 22. VII. 1968 година од страна на Индустријата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 392/68. (254)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. XII. 1968 година, страна 193, реден број 4 е запишано бришењето на Откупната станица за ликовити растенија и земјоделски производи, овошје и зеленчук „Алкалоид-билка“ од Струмица.

Бришењето на Откупната станица за лековити растенија и земјоделски производи, овошје и зеленчук „Алкалоид-билка“ од Струмица е запишано во регистарот, врз основа на одлуката бр. 03-5385 од 18. XII. 1968 год. на работничкиот совет на Индустријата за фармацевтско-хемиски производи и лековити растенија „Алкалоид“ од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 558/68. (258)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. XI. 1968 год., страна 509, реден број 1 е запишано присоединувањето на Комерцијалната банка од Струмица, со Филијалата во Валандово, кон Комерцијално-инвестиционата банка од Скопје.

Со присоединувањето Филијалата од Струмица ќе работи под име:

Комерцијално-инвестициона банка — Скопје — Филијала — Струмица.

Филијалата во Валандово ќе работи под име: Комерцијално-инвестициона банка — Скопје — Филијала — Струмица, Експозитура — Валандово.

Комерцијално-инвестиционата банка Скопје, Филијала од Струмица, ќе ги обавува следните дејности: снабдување на стопанските организации со парични средства за вршење на производството и промет (краткорочно кредитирање); давање инвестициони кредити за вложување на основни и трајни обртни средства; кредитирање на станбено-комуналната изградба; на населението со потрошувачки кредити; прибирање на парични депозити со и без отказен рок; прибирање штедни влогови, води жиро-сметки на граѓаните и врши и други банкарски работи со граѓаните; врши откуп и продажба на странски средства за плаќање, издава банковни гаранции и врши и други кредитни и банкарски работи во рамките на овластувањата добиени од Собранието на банката и извршниот одбор; врши и други банкарски и кредитни работи.

Директор на Филијалата — Струмица е Ѓорѓи Марков.

Филијалата — Струмица, во рамките на своите надлежности ќе делува на подрачјето на Општинското собрание — Струмица, а Експозитурата во Валандово ќе делува на подрачјето на нејзиното Општинско собрание.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа на одлуката од 7. X. 1968 година на извршниот одбор на Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје, и одлуката бр. 02-333 од 27. IX. 1968 год., на Собранието на Комерцијалната банка — Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 492/68. (266)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 24. XII. 1968 година, страна 510, реден број 3 е запишано присоединувањето на Комерцијалната банка од Струмица, кон Комерцијално-инвестиционата банка од Скопје и натаму ќе работи како филијала на истата.

Присоединувањето е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 02-333 од 27. IX. 1968 година на Собранието на Комерцијалната банка — Струмица и одлуката бр. 15130 од 8. XI. 1968 година, на Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 525/68. (267)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. X. 1968 година, страна 248, реден број 2 е запишано проширувањето на дејноста на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ од Скопје — Продавница „Треска“ од Св. Николе, со тоа што покрај досегашните дејности, ќе обавува и продажба на мало на производи на кооперанти, електрични апарати за домаќинство, ќилими, теписи, платно за декор на станот, музички апарати, постелнина, машини за шиење, детски колички и слично.

Проширувањето на дејноста на продавницата е извршено во регистарот врз основа на одлуката бр. 17395 од 7. VIII. 1968 година, на работничкиот совет на Индустријата „Треска“ — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 481/68. (272)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 1597, книга V е запишано следното: Дејноста на Продавницата во Гостивар, ул. „Борче Јовановски“ број 19, на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 17395 од 7. VIII. 1968 година на работничкиот совет се проширува и со: продажба на мало на производи на кооперанти, електрични апарати за домаќинство, ќилими, теписи, платно за декор на станот, музички апарати, постелнина, машини за шиење, детски колички и друго.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1096 од 20. XII. 1968 година. (14)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 1597, книга V е запишано следното: Дејноста на Продавницата во Куманово, ул. „Доне Божинов“ бр. 18, на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 17395 од 7. VIII. 1968 година на работничкиот совет, се проширува и со: продажба на мало на производи на кооперанти, електрични апарати за домаќинство, ќилими, платно за декор на станот, музички апарати, постелнина, машини за шиење детски колички и друго.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1095 од 20. XII. 1968 година. (22)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 195, страна 1131, книга I е запишано следното: Дејноста на Рударското претпријатие за експлоатација на бентонитска глина „Бентомак“ — Крива Паланка, согласно со одлуката бр. 0201-1291 од 28. X. 1968 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост се проширува и со: вршење на транспортни услуги на други со свои транспортни средства без напуштање на редовната стопанска дејност.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 946 од 11. XII. 1968 година. (23)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 195, страна 1131, книга I е запишано следното: Дејноста на Рударското претпријатие за експлоатација на бентонитска глина „Бентомак“ — Крива Паланка, согласно со одлуката бр. 0201-1332 од 18. XI. 1968 година, на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост се проширува и со експлоатација и преработка на антимон и киселгур.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1080 од 12. XII. 1968 година. (24)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 1597, книга V е запишано следното: Дејноста на Продавницата за намештај во Кавадарци, ул. „Браќа Хаџитофови“ број 14, на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ Скопје, согласно со одлуката бр. 17395 од 7. VIII. 1968 година, на работничкиот совет се проширува и со: продажба на мало на производи на кооперанти, електрични апарати за домаќинство, ќилими, теписи, платно за декор на станот, музички апарати, постелнина, машини за шиење, детски колички и друго.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1093 од 20. XII. 1968 година. (27)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 403, страна 703, книга II е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните комерцијалната дејност на „Задругар“ — Деловно здружение — Кавадарци, бидејќи со одлуката бр. 305 од 27. IV. 1968 година, на задружниот совет на Земјоделската задруга „Гоце Делчев“ село Возарци и одлуката на „Задругар“ Деловно здружение — Кавадарци, се присоединува кон Земјоделската задруга „Гоце Делчев“ — Кавадарци.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 673 од 30. XII. 1968 година. (30)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 403, книга V е запишано следното: Дејноста на Трговската работна организација на мало и големо „Овче Поле“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 02/6911 од 23. XI. 1968 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост се проширува и со: трговија на мало и големо со непрехранбени производи и тоа: текстил, куси и плетени стоки и конфекција, железарија и метал и електро-техничка стока, боја, лакови, хемикалија, порцелан и стакло, инсталационен материјал, обувки, пластика и кожна галантерија, музикалии и малопродажба на судски и административни таксени марки, хартии од вредност, поштенски марки и поштенски картички.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1201 од 12. XII. 1968 година. (43)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 958, страна 611, книга IV е запишано следното: Дејноста на Комуналното претпријатие за пазари „Скопски пазар“ — Скопје, согласно со одлуката на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост се проширува и со: промет и посредување во прометот со следните стоки и услуги: селскостопански производи и јужно овошје, семенски материјали, вештачки ѓубрива, текстил и текстилна конфекција, сувомесни производи, индустриско-прехранбени производи, млеко, млечни производи и јајца, градежни материјали, хемиски производи, водоинсталатерски и електро-материјали,

гумени и пластични производи, алкохолни пијалоци, стари и нови моторни возила, резервни делови и алат, жив добиток, сточна храна и организација на пренокиште.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1192 од 31. XII. 1968 година. (44)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 374, страна 1379, книга V е запишано следното: Досегашниот потписник на Претпријатието за јавен сообраќај и шпедиција „Вардар“ — Скопје — Станоевски Тодор Ѓорѓи, шеф на сметководството е разрешен од должност и му престанува правото претпријатието под присилна управа да го потпишува, задолжува и раздолжува.

За нов потписник на Претпријатието за јавен сообраќај и шпедиција „Вардар“ — Скопје е назначен Урдинов Ристо, шеф на сметководството, кој претпријатието под присилна управа ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Крсте Панговски, присилен управник и Нада Хаџи Наумова, книговодител, сметано од 8. XI. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1141 од 12. XII. 1968 година. (45)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 944, страна 517, книга IV е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Сервисната служба во Скопје, ул. „Орце Николов“ бр. 88, на Фабриката за разладни уреди „Југострој“ — Белград, согласно со одлуката бр. 06-606-37/4 од 26. IV. 1968 година, на работничкиот совет на фабриката.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 802 од 11. XII. 1968 година . (46)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1037, страна 161, книга V, е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Производното монтажно претпријатие „Рапид“ — Скопје, ул. „Керамидница“ бб, Келебиќ Владимир е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Производното монтажно претпријатие „Рапид“ — Скопје е назначен Тасевски Богдан Воислав, кој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник Траіковски Илија Борис, службеник, сметано од 12. VI. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 710 од 10. XII. 1968 година. (48)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1157, страна 1137, книга V е запишано следното: Дејноста на Работната организација за универзална трговија на големо и мало „Младост“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 1171 од 5. XI. 1968 година, на работничкиот совет се проширува и со транспортни услуги со сопствени товарни возила како во социјалистичкиот така и во индивидуалниот сектор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1128 од 11. XII. 1968 година. (50)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатија и дуќаните, рег. бр. 1228, страна 1201 е запишано следното: Монтажно-инсталатерското претпријатие „Топловод“ — Скопје, се пресели од ул. „Радњанска“ бр. 17, на ул. „911“ бб во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1200 од 11. XII. 1968 година. (51)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 945, страна 521, книга IV е запишано следното: Фирмата на Електроинсталатерската задруга „Електрон“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 336/552 од 7. XI. 1968 година, се менува и гласи: Паркетарска задруга „Паркетар“ — Скопје.

Со истата одлука на советот на работната заедница, задругата ќе обавува само изведување на паркетарски работи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1148 од 25. XII. 1968 година. (52)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 301, страна 373, книга IV е запишано следното: На досегашните потписници на Фабриката за цемент „Усје“ — Скопје и тоа Маткалиев инженер Стојан, директор, Мојсов инженер Кочо, технички директор и Дуковски Крсто, шеф на инвестициона група, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нови потписници на Фабриката за цемент „Усје“ — Скопје се назначени следните лица: Мојсов инженер Кочо, директор на фабриката и Дуковски Крсто, раководител на комерцијалната служба, кои фабриката ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Голубовиќ Радослав Драган, Вергилија Мазнев и Јосифовски Борис, сметано од 19. VII. 1968 год.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 842 од 30. XII. 1968 година. (53)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1043, страна 199, книга V е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Монтажно-инсталатерското претпријатие „Единство“ — Скопје, Станислав Фајдига е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Монтажно-инталатерското претпријатие „Единство“ — Скопје е назначен Костовски Методија Тасе, кој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето со новите регистрирани потписници и тоа: Стојковски Коле, шеф на сметководството, Илковски Стево, раководител на работната единица водовод и Чупевски Томислав, технички директор на претпријатието, сметано од 17. XI. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1146 од 25. XII. 1968 година. (55)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1043, страна 199, книга V е запишано следното: Дејноста на Монтажно-инсталатерското претпријатие „Единство“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 22 од 23. X. 1968 година, на работничкиот совет се проширува и со: изработка на проекти за потребите на работната организација и вршење услуги на трети лица, која дејност ќе ја обавува преку единицата за проектирање во Скопје, со следните податоци: „Единство“ — Монтажно инсталатерско претпријатие — Скопје — Единица за проектирање во Скопје, ул. „Радњанска“ бр. 17. Предмет на работењето на единицата е изработка на проекти од предметот на дејноста на претпријатието за неговите потреби и вршење услуги на трети лица.

Единицата е основана од работничкиот совет на Монтажно-инсталатерското претпријатие „Единство“ — Скопје, со одлуката бр. 22 од 23. X. 1968 година.

Единицата за проектирање во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Илковски Стево,

шеф на единицата, во границите на овластувањето.
Обврската пред банката е со еден потпис.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1147 од 27. XII. 1968 година. (56)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 1597, книга V е запишано следното: Дејноста на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 19156 од 30. VIII. 1968 година, на работничкиот совет се проширува и со: стопанисување со станбени згради и деловни простории, преку единицата за стопанисување со станбени згради во Скопје, ул. „Иво Рибар Лола“ бр. 130.
Единицата ќе стопанисува со станбени згради и деловни простории.
Единицата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Слободан Геровски, раководител на единицата и Илија Божиновски, директор на стопанско-сметководниот сектор на претпријатието „Треска“ — Скопје, во границите на овластувањето.
Обврската пред банката е со два потписа.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 989 од 20. XII. 1968 година. (57)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 1597, книга V е запишано следното: Досегашниот раководител на Продавницата за мебел број 6 во Ѓорче Петров, ул. „Маршал Тито“ бр. 35, на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ — Скопје, Јосифовски Витан е сменет и за раководител е назначен Костовски Стојан, сметано од 6. XI. 1968 година.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1130 од 19. XII. 1968 година. (58)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 163, страна 425 е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Работната организација за производство на вар, камен и џере „Превалец“ — Титов Велес, Трајко Јованов Костов е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.
За директор на споменатата организација е назначен Стојанов Александар, кој ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува работната организација, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Ристо Андов Николов, книговодител, сметано од 22. X. 1968 година.
Обврската пред банката е со два потписа.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1097 од 3. XII. 1968 година. (60)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 352, страна 195, книга II е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Туристичката жичница „Попова Шапка“ — Тетово Димовски Момчило е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.
За в. д. директор на Туристичката жичница „Попова Шапка“ — Тетово е назначен Александар Николоски, кој истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 5. XII. 1968 година.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1278 од 26. XII. 1968 година. (61)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. XI. 1968 година, рег. бр. 146/55, книга I е запишано следното: Продавницата број 6 во Битола, ул. „Маршал Тито“ бр. 40, на Индустријата за текстилна и кожна конфекција „Иднина“ од Битола престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го води овој суд.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 02-2918/1 од 19. XI. 1968 година, на работничкиот совет на Индустријата „Иднина“ — Битола.
Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 535/68. (93)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. XI. 1968 година, рег. бр. 45/55, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Цане Секуловски на Земјоделската задруга „Кота 1050“, со седиште во село Дедебалци, Битолско.
Се овластува Борис Јанкуловски, директор, покрај досегашниот Илија Димовски — шеф на сметководството, да ја потпишува задругата.
Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 527/68. (97)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. XI. 1968 година, рег. бр. 15/63, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Димитар Хаџи Стерју, директор на Земјоделско-сточарското стопанство „11 октомври“ од село Гнеотино.
Се овластува лицето Илија Марковски, в. д. директор, да го потпишува стопанството.
Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 526/68. (98)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 6. XI. 1968 година, рег. бр. 58/55, книга III е запишано следното: Досегашниот раководител на Продавницата во Охрид, на Занаетчиското дрводелско претпријатие „7 ноември“ од Охрид, Велевски Р. Димче се менува. За раководител е поставен Аврамовски С. Трајан.
Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 509/68. (99)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27 XI. 1968 година, рег. бр. 26/60, книга I е запишано следното: Се овластува Дреноски Трајко Томислав, директор на стопанско-сметководниот сектор, покрај досегашниот Трајкоски Јордан, главен директор, да го потпишува Здруженото претпријатие за памучна индустрија „Интекс“ — Скопје — Текстилна индустрија „Биљана“ — Прилеп.
Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 518/68. (100)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 21. XI. 1968 година, рег. бр. 119/55, книга II е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Мирчески Мирко, директор на Фабриката за тела за расветлување „Пролетер“ од Прилеп.
Се овластува Михаил Вангелов, директор, покрај досегашниот потписник Тутески Љубен, шеф на сметководството, да ја потпишува фабриката.
Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 532/68. (101)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. XI. 1968 година, рег. бр. 1/68, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Жарчев Андреја, в.д. директор на Здружената земјоделска задруга „Народен Херој Орде Чопела“ с. Варош, Прилеп.
Се овластува Дуевски Иван директор да ја потпишува задругата.
Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 519/68. (102)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5 XI. 1968 година, рег. бр. 2/65, книга I е запишано следното: Се менува фирмата на Продавницата во Битола, на Трговското претпријатие „Рефлекс" од Београд и гласи: Продавница на Претпријатието за внатрешна и надворешна трговија — Белград — Продавница „Рефлекс" П — Битола ул. „М. Тито" бр. 34.

Досегашниот раководител на Продавницата во Битола — Илија Андоновски, се менува. За раководител е поставен Паликрушева Нада.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 466/68. (104)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 18. X. 1968 година, рег. бр. 187/55, книга I е запишано следното: Се менува фирмата на работничкиот ресторан во Битола на Фабриката за разладни, емајлирани и лиени производи „Ѓорѓи Наумов" од Битола и гласи: Работнички ресторан со клуб, при Фабриката за разладни, емајлирани и лиени производи „Ѓорѓи Наумов" — Битола.

Се менува дејноста на работничкиот ресторан и гласи: обавување на ресторантска дејност која се состои во подготвување, односно готвење и давање претежно топли јадења преку кујната, односно мензата на ресторанот, продажба на алкохолни (пиво) и безалкохолни пијалоци како и на конзервирани, сувомесни и слични производи преку бифето на клубот, мензата и преку фабричката кантина на ресторанот и организирање и овозможување на културно-забавни услуги и игри во клубот и тоа на членовите на работниот колектив на фабриката.

Раководител на работничкиот ресторан со клуб е Марјановиќ Раде.

Потпишувањето на работничкиот ресторан ќе го вршат Марјановиќ Раде, Коцасински Раде и Георгиевски Спасе.

